РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАДОВИШ
Бр. 09 - 150/3
25 01 2022 год
Радовиш

**Критериуми и постапка за проценка и оценување на проекти и програми финансирани од Буџетот на Општина Радовиш за 2022 година, во рамките Програмата за Локален Економски Развој**

1. Се формира Комисија за спроведување, следење, евалуација, оценување и доставување на предлог ранг листа до Градоначалникот од аплицирани проекти согласно јавен повик за прибирање проекти кои се во согласност со стратешките и програмските документи на Општина Радовиш од Здруженија и Фондации од Општина Радовиш за 2022 година, од **Програмата за Локален Економски Развој**, од Буџетот на Општина Радовиш за 2022 година.

2. Комисијата е во состав:

   - Претставник на Општинскиот Совет, за Претседател,
   - Претставник на Општинска администрација, за Член
   - Претставник на Општинска администрација, за Член
   - Претставник на Општинска администрација, за Член
   - Претставник на Општинскиот Совет, за Член
   - Претставник на Општинскиот Совет, за Член
   - Официјално делегиран претставник од НВО, за Член (избран претставник од невладиниот сектор во Општина Радовиш

3. Сите седум члена во Комисијата имаат еднакво право на глас;

4. Заради надминување на конфликт на интереси, кога се разгледува апликација од Здружение или Фондација чиј член на комисијата е и член на здружението чија апликација се разгледува во моментот, или е во некаква роднинска врска со некој од наведените основачи на здружението кое се јавува како апликант, истиот се иззема од проценката и оценувањето, а неговото место го пополнува неговиот заменик.

5. Во рок од најкасно 7(седум), дена по истекот на предвидениот рок за доставување на пријавите, Комисијата врши проценка, оценување и рангирање на пристигнатите пријави по утврдените:

КРИТЕРИУМИ

- Капацитет на организацијата
- Релевантност на акцијата
- Ефекти во средината
- Одржливост на проектот
- Сопствено учество во кофинансирање (со време, опрема, човечки ресурси)
- Конзистентност на проектот (цели-активности-резултати-буџет)
- Прецизна поделба на улогите на партнерите

| Ред. Бр. | Критериум | Максимална оценка<br>А | Коефициент<br>Б | Максимален број поени<br>В |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Капацитет на организацијата** (профил, капацитет, релевантно искуство) | 1-5 | 1,80 | **В= А х Б** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | **Релевантност на акцијата** (усогласеност на предложената акција со приоритетите на повикот, анализа на проблемот и негова актуелност, избор на целна група) | | 2 | |
| 3. | **Ефекти во средината** (влијание врз целните групи и корисниците) | | 1,80 | |
| 4. | **Одржливост на проектот** | | 1,60 | |
| 5. | **Сопствено учество во кофинансирање** (со време, опрема, човечки ресурси) | | 1,60 | |
| 6. | **Конзистентност на проектот** (цели-активности-резултати-буџет) | | 1,40 | |
| 7. | **Прецизна поделба на улогите на партнерите** | | 1,20 | |
| | | | **Вкупно** | |

6. По приемот, разгледувањето и по извршената проценка и оценување на пристигнатите предлог проекти Комисијата за спроведување, следење, евалуација, оценување и доставување на предлог ранг листа истите ги доставува до Комисијата за финансии, буџет и локален економски развој при Советот на Општина Радовиш која носи одлука и ја доставува до Градоначалникот на Општина Радовиш.

7. По добивањето на одлуката, Градоначалникот на Општина Радовиш доставува предлог за избор на приоритетни проекти до Советот на општина Радовиш кој донесува одлука за распределба на средствата од соодветната програма во Буџетот на Општина Радовиш.

8. Во рок од најмногу 7 (седум) дена од донесувањето на одлуката за распределување на средствата од Буџетот на општина Радовиш за 2022 година од страна на Советот, по соодветната програма, Комисијата за спроведување, следење, евалуација, оценување и доставување на предлог ранг листа писмено ги известува учесниците на јавниот повик за резултатите и добиените финансиски средства, по што се преминува на потпишување на договор.

9. Распределбата на средствата се врши согласно Одлуката на Советот се до исцрпување на вкупната сума утврдена во Буџетската програма.

10. Текот на имплементацијата на проектите, реализацијата на проектните активности на грантираните проекти ја следи комисијата за спроведување, следење, евалуација, оценување и доставување на предлог ранг листа именувана од Градоначалникот на општина Радовиш.

11. По завршувањето на реализацијата на проектите, Комисијата за спроведување, следење, евалуација, оценување и доставување на предлог ранг листа врши евалуација и доставува комплетен извештај до Градоначалникот на општина Радовиш и до Советот заради верификација на истите.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА РАДОВИШ
Ацо Ристов